Врз основа на член 29 и 30, а во врска со член 38 од Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 265/2024), и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), Градоначалникот на општина Гевгелија распишува:

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за избор на директор на Јавна Општинска Установа**
**Работнички универзитет „Кирил и Методија“ Гевгелија**

Кандидатот за директор на установата треба да ги исполнува следните општи услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) има завршено високо образование (со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование);

3) има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;

4) во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;

5) има еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Со пријавата кандидатите задолжително трба да ја достават следната документација:

- пријава (www.gevgelija.gov.mk);
- уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци);
- доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- уверение или диплома за завршено високо образование најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование;
- доказ дека има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;
- доказ дека има меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години.

Кандидатите задолжително треба да достават **Предлог-програма за работа и развој на установата.**

Плата (нето): 55.000,00 денари.

Работни часови неделно: 40, работно време: од 8,00 до 16,00 часот, работни денови: од понеделник до петок.

Рокот за доставување на потребната документација изнесува 8 дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на јавниот оглас (не сметајќи го денот на објавувањето).

Потребните документи (со ознака за јавен оглас за директор) да се доставаат по пошта на адреса Општина Гевгелија, ул. „Димитар Влахов“ бр. 4, Гевгелија или во архивата на општината од 8.00 часот до 16.00 часот. Документите да се доставаат во оригинал или копија заверена на нотар.

Некомплетираните и ненавремено доставени документи нема да се разгледуваат.

Бр. 08 -581/1
10.04.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
Андон Сарамандов